Новинарското известување за **странските терористички борци-повратници и членовите на нивните семејства** , за насилниот екстремизам, радикализам и тероризам и за процесите на ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција (РРР) беа темите на **обуката за новинари** што ја организираше Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) од 1 до 3 март 2024 година во Велес.



Обуката ја водеа **Аднан Рондиќ и Јасмина Кос, новинари на Ал Џезеира Балкан** кои спроведувале слични обуки во Босна и Херцеговина и имаат големо искуство во известување за такви или слични чувствителни теми.

Прашањата поврзани со насилниот екстремизам и тероризмот само повремено ги отвораат медиумите кои се под притисок на други, дневно актуелни настани. Сепак, реалност е дека граѓани на земјава беа вклучени во војната во Сирија, дел од нив се вратија и се соочија со **судски процеси и осудени** се на неколку години затвор. Дел, сè уште ја отслужуваат, додека некои се веќе ослободени.
**Нивното враќање во заедниците**
во кои живеат, нивната реинтеграција во заедницата и општеството воопшто, како и
**реинтеграцијата на нивните семејства**
, е
**сериозен предизвик за целото општество**
. Обуката е одговор на претходни забелешки на новинарите според кои недостасуваат информации за темата и тешко се пристапува до извори на такви информации.

Зборувајќи за искуството на Босна и Херцеговина и за новинарската дилема, **дали да се известува за овие**
**или за дневно актуелните прашања**
, обучувачите истакнаа дека информациите подготвени од професионални новинари и објавени во релевантни медиуми се неопходни во секое пребарување на граѓаните. „Кога овие прашања ќе станат актуелни, а стануваат заради случувања во нашите или во други земји, граѓаните пребаруваат на интернет за да се информираат. Во такви ситуации,
**наша обврска како новинари е да им понудиме квалитетна информација**
која ќе понуди одговори на нивните прашања.





